**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**Одделение за социјална, здравствена, детска**
**и други заштити, култура и спорт**
**бр. 14-86/1**
**13.01.2023 год.**
**Гевгелија**

# И З В Е Ш Т А Ј
## за реализација на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита и заштита на децата за 2022 година

Согласно Законот за социјалната заштита, надлежноста на Општините од областа на социјалната заштита се реализира со Годишна програма за потребите на жените и мажите, граѓаните од областа на социјалната заштита. За таа цел, Советот на Општина Гевгелија донесе Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита и заштита на децата за 2022 година на седницата одржана на 11 февруари, 2022 година, со проектиран буџет за реализација на активностите во висина од **3.500.000 денари**.

### 1. Преглед на активности и реализација на истите

| Активност 1 | Подне-сени барања | Вкупен број родени деца | | Прво дете | | Второ дете | | Трето дете | | Четврто дете | | Шесто дете | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Еднократна парична помош за новороденче** | 160 | 168 | | 92 | | 59 | | 15 | | 1 | | 1 | |
| | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| | | 78 | 90 | 50 | 42 | 22 | 37 | 4 | 11 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| **вкупно исплатени средства (Буџетска програма Д0-Градоначалник** | | **1.110.000 ден.** | | **552.000 ден.** | | **354.000 ден.** | | **180.000 ден.** | | **12.000 ден.** | | **12.000 ден.** | |

Во текот на 2022 година, во Општина Гевгелија пристигнале 160 барања за исплата на еднократна парична помош за новороденче. Согласно изготвените решенија за исплата на еднократна парична помош за новороденче, во текот на 2022 година, се родиле 168 деца, од кои 78 машки и 90 женски. За прво дете, извршени се 87 исплати на еднократна парична помош во висина од по 6.000 денари, за второ 57 во висина од по 6.000 денари, за трето 14 исплати во висина од по 12.000 денари, како и по една исплата за четврто и шесто дете, во висина од по 12.000 денари.

| **Активност 2** | **Поднесени барања / корисници** | **М** | **Ж** | **вкупно исплатени средства (Буџетска програма Д0-Градоначалник)** |
|---|---|---|---|---|
| **Еднократна парична помош на жители на општина Гевгелија** | 148 / 133 | 76/ 68 | 72/ 65 | **594.000 ден.** |

| **Корисници на еднократна парична помош по категории** | **вкупно** | **М** | **Ж** |
|---|---|---|---|
| Невработени | 30 | 20 | 10 |
| Корисници на право на гарантирана минимална помош | 21 | 12 | 9 |
| Родители на лица со посебни потреби | 5 | 2 | 3 |
| Здравствена причина | 77 | 34 | 43 |

Во текот на 2022 година, до Општина Гевгелија пристигнале 133 барања за исплата на еднократна парична помош. Врз основа на поднесената документација (медицинска или потврда од надлежна институција за социјалната положба на барателот), на 133 лица, жители на општина Гевгелија, од кои, 68 мажи и 65 жени, им е исплатена еднократна парична помош во висина од вкупно 594.000 денари. Најголем број од доставените барања се однесуваат за помош при лекување.

| **Активност 3** | **вк. број корисници** | **М** | **Ж** | **вкупно исплатени средства (Буџетска програма Д0- Градоначалник)** |
|---|---|---|---|---|
| **Обезбедување новогодишни пакетчиња за деца чии родители се корисници на ГМП** | 48 | 25 | 23 | 9.600 ден. |

Пред новогодишните празници, Општина Гевгелија традиционално за децата до 14-годишна возраст, чии родители се корисници на минимална гарантирана помош обезбедува новогодишни пакетчиња. Минатата година, согласно доставениот список од ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа, беа поделени новогодишни пакетчиња на 48 деца од социјално-ранливи категории семејства, од кои 25 момчиња и 23 девојчиња.

| **Активност 4** | **вк. број корисници** | **М** | **Ж** | **вкупно исплатени средства (Буџетска програма Д0- Градоначалник)** |
|---|---|---|---|---|
| **Доделување велигденски/социјален пакет на лица кои се корисници на ГМП/ социјална пензија** | 152<br>49 | 86<br>21 | 66<br>28 | 34.350 ден. |

По повод христијанскиот празник Велигден, Општина Гевгелија  додели по една табла јајца на 201 лице, корисник на ГМП или социјална пензија по доставен список од ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа, и тоа на 107 мажи и 94 жени од општина Гевгелија.

| **Активност 5** | **вк. број корисници** | **М** | **Ж** | **вкупно исплатени средства (Буџетска програма Д0- Градоначалник)** |
|---|---|---|---|---|
| **Субвенционирање на потрошувачката на вода за пиење на корисници на ГМП/ социјална пензија** | 25 | 12 | 13 | 72.748 ден. |

Општина Гевгелија во 2022 година субвенционираше 25 лица корисници на гарантирана минимална помош и социјална пензија, кои ја плаќаат сметката за вода, која не надминува повеќе од 20 метри кубни месечно и тоа на 13 жени и 12 мажи, врз основа на доставено барање од ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија за платената фактура.

| **Активност 6** | **вк. број корисници** | **М** | **Ж** | **издвоени средства (Буџетска програма Е0- Општинска администрација)** |
|---|---|---|---|---|
| **Обезбедување превоз на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби- Гевгелија** | 12 | 11 | 1 | 700.600 ден. |

Општина Гевгелија го обезбедува превозот на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби- Гевгелија. За таа цел, од општинскиот буџет беа издвоени 700.600 денари, а превозот се организираше по претходно спроведена тендерска постапка. Вкупната бројка на корисници на оваа мерка беа 12 деца, штитетници на Дневниот центар за лица со посебни потреби во Гевгелија, од кои 10 машки и 1 женско.

| **Активност 7** | **вк. број корисници** | **М** | **Ж** | **исплатени средства на логопеди (Буџетски програми Е0- Општинска администрација и V1- Детски градинки)** |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| **Превентивни активности, едукација и третирање проблеми во вербалната комуникација на деца** | 42 | 25 | 17 | 332.950 ден. |

Во ЈУ Работнички универзитет „Кирил и Методија“- Гевгелија, по иницијатива на Градоначалникот на општина Гевгелија, се воведе нова бесплатна услуга за деца за превентивни активности, едукација и третирање проблеми во вербалната комуникација. За таа цел, од февруари, 2022 година, се ангажираше еден логопед кој спроведуваше групна, индивидуална и окупациска терапија за отстранување на говорните општетувања кај децата. Поради големиот број пријавени деца, од месец март беше ангажирано уште едно лице. Мерката ја користеле 42 дечиња, од кои 25 момчиња, а 17 девојчиња.

| **Активност 8** | **издвоени средства (Буџетска програма Д0- Градоначалник)** |
| --- | --- |
| **Одбележување новодишни празници и Меѓународен ден на лица со посебни потреби** | 9.600 ден. |

Пред новогодишните празници, покрај обезбедувањето новогодишни пакетчиња за дечињата чии родители се корисници на ГМП, Општина Гевгелија обезбедува новогодишни пакетчиња и за лицата со посебни потреби во Дневниот центар за лица со посебни потреби- Гевгелија. Притоа, новогодишни пакетчиња во Дневниот центар добија 18 лица. Додека, за лицата со посебни потреби во Центарот „Мајка Тереза“- Гевгелија, Општина Гевгелија обезбеди сет прибор и материјали за спроведување на окупационите активности.

| **Активност 9** | **вк. број корисници** | **М** | **Ж** | **издвоени средства (Буџетска програма Д0- Градоначалник)** |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| **Доделување стипендии на ученици** | 5 | 0 | 5 | 300.000 ден. |

Општина Гевгелија, со донесена Одлука на Совет бр. 09-260/1 и врз основа на распишан Конкурс за стипендирање студенти за академската 2021/2022 година, стипендираше 5 студентки, запишани на Медицинските факултети. Висината на стипендијата изнесува 6.000 денари месечно, за 10 месеци.

## 2. Извршување на предвидениот буџет по активности

| **Активности** | **издвоени средства од Буџетот за 2022 година** |
|---|---|
| Еднократна парична помош за новороденче | 1.100.000 ден. |
| Еднократна парична помош на жители на општина Гевгелија | 594.000 ден. |
| Обезбедување новогодишни пакетчиња за деца чии родители се корисници на ГМП | 9.600 ден. |
| Доделување велигденски/социјален пакет на лица кои се корисници на ГМП/ социјална пензија | 34.350 ден. |
| Субвенционирање на потрошувачката на вода за пиење на корисници на ГМП/ социјална пензија | 72.748 |
| Обезбедување превоз на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби-Гевгелија | 700.600 |
| Превентивни активности, едукација и третирање проблеми во вербалната комуникација на деца | 332.950 ден. |
| Одбележување новодишни празници и Меѓународен ден на лица со посебни потреби | 9.600 ден. |
| Доделување стипендии на ученици | 300.000 ден. |
| **вкупно** | **3.153.848 ден.** |

Од вкупно проектираниот буџет за Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита и заштита на децата за 2022 година во висина од 3.500.000 денари, се реализирале средства во висина од 3.153.848 денари.


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika North Makedonija
Tel. ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk